# ОТВОРЕН ПОВИК

за доделување стипендии од Фондацијата „Атанас Близнакоф“ за редовни студенти запишани на прв циклус на студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во академската 2026-2027 година.

## Повикот е отворен од 1 јуни 2026 година до 31 август 2026 година.

Фондацијата „Атанас Близнакоф“ објавува повик за доделување стипендии за студентска извонредност за редовни студенти запишани во прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ), во академската 2026-2027 година. Овој Отворен повик е структуриран во два дела:

- **Дел I – 40 стипендии за студентска извонредност**, наменети за редовни студенти запишани на прв циклус студии на сите факултети при УКИМ;
- **Дел II – 10 стипендии за студентска извонредност**, наменети за редовни студенти кои ќе се запишат на точно определени факултети при УКИМ, и тоа на:
    1. Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје;
    2. Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“;
    3. Природно-математичкиот факултет во Скопје;
    4. Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје;
    5. Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје.

Стипендиите се доделуваат на редовни студенти кои се запишани на прв циклус студии на сите факултети при УКИМ, кои постигнале исклучителни резултати и успех во претходниот циклус на образование, имаат достигнувања и мотивација за личен и професионален развој, но немаат доволно материјални средства за продолжување на сопственото образование.

## ДЕЛ I – 40 стипендии за студентска извонредност наменети за редовни студенти при УКИМ

** Сите кандидати, без разлика дали аплицираат за стипендиите од Дел I или Дел II, треба да ги исполнуваат општите услови наведени во овој Отворен повик.*

### Општи услови за кандидатите

Право да конкурираат имаат ученици/кандидати кои:

1. се запишуваат како редовни студенти во прва година на првиот циклус студии при УКИМ*;
2. завршиле средно образование со постигнат просечен успех од најмалку 4,0;
3. вкупниот годишен бруто приход на семејството (родители/старатели и кандидатот) остварен во 2025 година по сите основи да не го надминува максималниот вредносен праг**;
4. се државјани на Република Северна Македонија;
5. не се корисници на стипендии од други институции, организации и фирми повисоки од 6.000 денари месечно.

** За да аплицирате за Стипендијата за студентска извонредност на Фондацијата „Атанас Близнаков“, не е потребно во моментот на аплицирање да бидете запишани на УКИМ. Потврдата за редовен студент на УКИМ се доставува дополнително, само доколку станете добитник на стипендијата. Со оваа потврда ќе го докажете правото на користење на стипендијата.*

*** На Јавниот повик можат да аплицираат кандидати чии семејни приходи го надминуваат максималниот вредносен праг, односно утврдената вредност од две минимални бруто плати од претходната година, но при бодувањето, максималниот број бодови се доделува за најниско ниво на семејни приходи, односно за вредносен праг еднаков на нула. Со зголемување на вкупниот семеен приход, бројот на бодови се намалува, при што за вредност еднаква на максималниот вредносен праг се добива нула, а за сите износи што го надминуваат максималниот вредносен праг се добиваат негативни бодови.*
*<u>Максимален вредносен праг</u> – претставува утврдената гранична вредност на вкупниот годишен бруто приход на семејството (родители/старатели и кандидатот) остварен во претходната календарска година по сите основи, која по правило е износ еднаков на две минимални бруто плати за претходната година. <u>За 2025 година максималниот вредносен праг е еднаков на 864.888 денари.</u>*

## <u>Висина на стипендијата</u>

** Сите кандидати, без разлика дали аплицираат за стипендиите од Дел I или Дел II, добиваат иста висина на стипендија.*

Висината на стипендијата изнесува 2.500,00 (две илјади и петстотини) американски долари годишно и се исплатува еднаш годишно, на почетокот на студиската година, најчесто во октомври. Исплатата на стипендијата се врши во денарска противвредност, на трансакциска сметка на корисникот на стипендијата.

## <u>Морална одговорност на апликантите</u>

** Сите кандидати, без разлика дали аплицираат за стипендиите од Дел I или Дел II, треба да покажат морална одговорност.*

Стипендијата „Атанас Близнакоф“ е наменета за поддршка на студенти на кои финансиската помош навистина им е неопходна за продолжување на нивното образование. Во тој контекст, апликантите се повикуваат на високо ниво на лична и морална одговорност при поднесувањето на апликацијата. Иако официјалната документација (вклучително и податоците од Управата за јавни приходи) претставува основа за оценување, постојат ситуации во кои реалната финансиска состојба на семејството не е целосно рефлектирана во формалните податоци. Во такви случаи, ги охрабруваме апликантите искрено да се запрашаат дали средствата од стипендијата им се суштински потребни, имајќи предвид дека истата треба да стигне до оние студенти на кои им е најпотребна. Со ова се придонесува кон правичност, солидарност и одржливост на програмата.

**Потребни документи за аплицирање**

** Сите кандидати, без разлика дали аплицираат за стипендиите од Дел I или Дел II, треба да ги достават истите документи.*

Потребни документи за аплицирање за стипендија се:

1. **Уверение за државјанство** на Република Северна Македонија, издадено од Министерството за внатрешни работи;
2. **Уверение/потврда од УЈП** за остварени приходи по разни основи за 2025 година, за родителите/старателите на кандидатот поединечно и за самиот кандидат;
   - Доколку некој од родителите/старателите остварува **приход во странство**, кандидатот е должен да достави релевантен документ како доказ за приходот издаден од надлежна институција во матичната земја каде што се остварува тој приход. Доколку приходот е во странска валута, пресметката се врши во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на денот на издавање на документот;
   - Доколку некој од **другите членови на потесното семејство** (на пример: брат, сестра, баба или дедо) самостојно остварува приход, тој/таа *се исклучува од вкупниот број на членови* на семејството;
   - Доколку потврдата од УЈП покажува 0 приходи по сите основи, а родителот/старателот е невработено лице, задолжително се доставува **потврда за невработеност** издадена од Агенцијата за вработување на Република Македонија.
   - Доколку потврдата издадена од Управата за јавни приходи (УЈП) покажува 0 (нула) приходи по основ на плата, а има приходи од самостојна дејност и имајќи предвид дека овој документ не содржи информација дали лицето е регистрирано како вршител на самостојна дејност и каква самостојна дејност – трговец поединец, адвокат, доктор со приватна здравствена установа или друг облик на економска активност – потребно е да се достави дополнителна **потврда од соодветното правно лице** со која се докажува дејноста што лицето ја извршува. Потврдата се доставува дополнително доколку администраторите увидат дека нема потврда за невработеност, а има дополнителни приходи од самостојна дејност.
3. **Изјава** од кандидатот за морална, кривична и материјална одговорност;
4. Документи за успех во средно образование, односно **свидетелства од I до IV година**;
5. Документ за **положена државна матура**;
6. Биографија на македонски јазик (**CV Europass** или друга слична форма);
7. **Есеј** (најмногу до 500 збора) на тема: „Зошто Ви е потребна стипендијата и како ќе Ви помогне во избраната област на студии?";
8. **Дипломи и потврди за освоени награди** на меѓународни, државни, регионални и општински натпревари (освоени во последните три години);
9. **Препорака** од наставник, директор или друго лице вклучено во претходното образование на кандидатот;
10. **Фотографија** – во формат за лична карта или пасош (биометриски формат);
11. Други документи (доколку е потребно).

*ВАЖНО: Детални инструкции и појаснувања за потребната документација за аплицирање за стипендиите за талентирани студенти на Фондацијата „Атанас Близнакоф" за академската 2026/2027 година се достапни на платформата за E-scholarship, под наслов:* ***ИНСТРУКЦИИ и ПОЈАСНУВАЊА за пополнување на апликацијата и барана документација*** *(се наоѓаат во*

*долниот лев агол кај самиот повик).*

**<u>При аплицирање, кандидатот потврдува дека:</u>**

** Сите кандидати, без разлика дали аплицираат за стипендиите од Дел I или Дел II, ги потврдуваат истите ставки.*

- доставените документи и податоци се вистинити;
- се согласува на обработка и користење на личните податоци и податоците на потесното семејство да биде за целите на стипендијата;
- изјавува дека не е корисник на стипендија која е повисока од 6,000 денари;
- под морална, материјална и кривична одговорност потврдува дека податоците прикажани во електронската пријава се целосно вистинити и одговараат на реалната состојба, во спротивно, се согласува пријавата да се смета за невалидна;
- сите членови од потесното семејство (брат или сестра, баба или дедо) кои остваруваат личен приход ги исклучува од вкупниот број членови на потесното семејство при аплицирање за стипендијата;
- ги има прочитано и ги разбира начинот, условите, правата и обврските за доделување и продолжување на стипендијата, објавени во Отворениот повик за доделување стипендии за академската 2026/2027 година.

**<u>Начин на аплицирање</u>**

** Сите кандидати, без разлика дали аплицираат за стипендиите од Дел I или Дел II, аплицираат на ист начин и на истиот линк.*

Документите се доставуваат преку платформата E-scholarships на Македонија2025 https://e-scholarship.macedonia2025.com/#/home

Апликацијата се пополнува електронски, со задолжително креирање на кориснички профил и прикачување на бараната документација на македонски јазик.

Процесот на аплицирање и административната проверка се спроведуваат од страна на Македонија 2025.

Краен рок за аплицирање: 31 август 2026 година (до 23:59 часот).

## Бодување на кандидатите

** Сите кандидати, без разлика дали аплицираат за стипендиите од Дел I или Дел II, се бодуваат согласно истите критериуми.*

Бодувањето на кандидатите се врши врз основа на следниве критериуми. Максималниот број на освоени бодови е 100, од кои:

| Критериум | Бодови |
|---|---|
| Материјална состојба на кандидатот и потесното семејство | 40 |
| Општина на живеење | 5 |
| Успех остварен во претходното образование | 30 |
| Есеј (до 500 збора) | 5 |
| Освоени награди | 10 |
| Интервју | 10 |
| Вкупно | 100 |

1. Материјална состојба на кандидатот (40 бода) и се пресметува како однос помеѓу:
   - Вкупниот бруто приход на родителите/старателите на кандидатот и самиот кандидат за последната календарска година (2025), и
   - Бројот на членовите во потесното семејство.
     - ➢ Доколку некој од родителите/старателите остварува приход во странство, кандидатот е должен да достави релевантен документ како доказ за приходот издаден од надлежна институција во матичната земја каде што се остварува тој приход. Доколку приходот е во странска валута, пресметката се врши во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на денот на издавање на документот.
     - ➢ Доколку некој од другите членови на потесното семејство (на пример: брат, сестра, баба или дедо) самостојно остварува приход, тој/таа не треба да биде вклучен/а во вкупниот број на членови на семејството.
2. Општината во која живее кандидатот (5 бода);
   - Скопје и скопските општини – 0 бода
   - Други општини – 5 бода
3. Успех остварен во претходното (средно) образование (30 бода):
   - Успехот се оценува врз основа на успехот од завршеното средно образование и тоа од I до IV година, како и успехот од реализираната државна матура;
4. Есеј (најмногу 500 збора) – просек од бодовите на Комисија (до 5 бода) на Тема: Зошто Ви е потребна стипендијата и како ќе Ви помогне во избраната област студии?;
5. Награди на меѓународни, државни, регионални и општински натпревари во последните три години. (10 бода);
6. Интервју во присуство на членови на комисијата (10 бода);
7. Препорака од наставник, директор и/или друго лице вклучено во претходното образование на кандидатот/кандидатката (незадолжително).

## ДЕЛ II – 10 стипендии за студентска извонредност наменети за редовни студенти кои ќе се запишат на определени факултети при УКИМ

Покрај стипендиите наведени во Дел I од овој Отворен повик, Фондацијата „Атанас Близнакоф“ доделува и дополнителни **10 стипендии за студентска извонредност наменети за кандидати кои ќе се запишат на точно определени факултети при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и тоа**:

1. Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје;
2. Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“;
3. Природно-математичкиот факултет во Скопје;
4. Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје;
5. Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје.

Овие дополнителни стипендии имаат за цел да поттикнат млади, талентирани и мотивирани студенти да го продолжат своето образование во области поврзани со земјоделство, производство на храна, ветеринарна медицина, шумарство, екологија, екоинженеринг, природни науки, циркуларна економија, одржлив развој и сродни области.

**<u>Право на аплицирање за дополнителните 10 стипендии на определени факултети при УКИМ</u>**

Право да бидат земени предвид за дополнителните 10 стипендии имаат кандидатите кои:

- ги исполнуваат сите општи услови наведени во Дел I од овој Отворен повик;
- подлежат на исти критериуми и начин на бодување наведени во Дел I;
- аплицираат на ист начин и на иста платформа наведени во Дел I;
- ги доставуваат истите документи како и останатите кандидати наведени во Дел I;
- во есејот јасно наведуваат дека имаат намера да се запишат на еден од погоре наведените факултети;
- по изборот за стипендија, доставуваат соодветна потврда за редовен студент запишан во прва година на прв циклус студии на еден од погоре наведените факултети.

**<u>Елементи кои може да донесат предност при аплицирање за дополнителните 10 стипендии од Дел II</u>**

Кандидатите кои сакаат да бидат разгледани за дополнителните 10 стипендии се охрабруваат, доколку поседуваат, да достават и дополнителни докази со кои се докажува нивна поврзаност, интерес, искуство или ангажман во областите поврзани со земјоделство, производство на храна, екологија, циркуларна економија, шумарство, ветеринарство, природни науки и сродни области.

Дополнително ќе се земат предвид следниве елементи:

1. **Практично искуство во земјоделство или производство на храна**

Предност ќе имаат кандидатите кои имаат практично искуство или семејна поврзаност со земјоделство и/или производство на храна (семеен бизнис, работно искуство, пракса или друг вид релевантно искуство).

Ова може да се докаже со:

- уверение за остварени приходи од Управата за јавни приходи (исто како и за останатите кандидати), доколку во документот е наведена самостојна дејност – земјоделство или сл.; и/ или
- друг релевантен документ од кој јасно се гледа дека кандидатот има соодветно искуство во земјоделство, производство на храна или сродна дејност.

2. **Учество на работилници, проекти или натпревари**

Предност ќе имаат кандидатите кои учествувале на работилници, проекти или натпревари поврзани со:

- екологија;
- земјоделство;
- производство или преработка на храна;
- циркуларна економија;
- шумарство, ветеринарство, природни науки или сродни области.

Ова се докажува со дипломи, сертификати, признанија, потврди за учество или други соодветни документи, кои се доставуваат во рамки на категоријата „Освоени награди", согласно постојната структура на апликацијата, при што при разгледување на кандидатите за дополнителните 10 стипендии од Дел II како предност ќе се сметаат наградите, учествата или признанијата поврзани со екологија, земјоделство, производство или преработка на храна, циркуларна економија, шумарство, ветеринарство, природни науки или сродни области.

Доколку кандидатот има освоени награди или учество на натпревари од која било друга област, може да ги приложи соодветните дипломи, сертификати, признанија или други докази за учество или освоена награда, и тие ќе бидат земени предвид при оценувањето.

3. **Есеј за кандидатите за дополнителните 10 стипендии од Дел II**

Кандидатите кои сакаат да бидат разгледани за дополнителните 10 стипендии треба во есејот, најмногу до 500 збора, покрај основната тема:

„Зошто Ви е потребна стипендијата и како ќе Ви помогне во избраната област на студии?"

јасно да наведат:

- на кој од погоре наведените факултети планираат да се запишат;
- зошто ја избираат таа област на студии;
- како нивното образование ќе придонесе кон развојот на земјоделството, храната, екологијата, шумарството, ветеринарството, природните науки, циркуларната економија или сродни области;
- дали имаат претходно практично искуство, семејна поврзаност, учество во проекти, работилници, натпревари или други активности поврзани со овие области.

**НАПОМЕНА:**

Дополнителните документи наведени во овој Дел II не воведуваат нова бодовна категорија надвор од постојните 100 бодови. Тие ќе служат како дополнителна основа за утврдување на

релевантноста, мотивацијата и поврзаноста на кандидатот со областите за кои се доделуваат дополнителните 10 стипендии.

Кандидатите кои ќе доставаат релевантни сертификати, дипломи, признанија, докази за учество во проекти или докази за практично искуство во наведените области ќе имаат предност при распределбата на дополнителните 10 стипендии, доколку ги исполнуваат останатите услови и се соодветно рангирани.

## <u>Процес на селекција</u>

**Начин на доделување на стипендии**

По затворањето на Отворениот повик започнува процесот на административна проверка на документите за нивната валидност и точност. По административната проверка, платформата e-scholarships врши автоматско бодување за критериумите: материјална состојба на кандидатите, општина на живеење, успех остварен во претходното образование и освоени награди.

За критериумите есеј и интервју, Комисијата поединечно ги разгледува апликациите и доделува бодови на платформата, кои претставуваат просек од сите внесени бодови од страна на членовите на Комисијата.

Комисија за избор на стипендисти е составена од истакнати членови на Фондацијата „Атанас Близнакоф“, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје и Македонија 2025 на начин и услови утврдени со Правилникот за доделување на стипендијата.

По внесувањето на сите податоци и бодови за сите критериуми, платформата генерира ранг-листа на кандидати според освоените бодови.

Кандидатите кои аплицирале за еден од факултетите наведени во Дел II ќе бидат издвоени од конечната ранг-листа, а овие 10 стипендии ќе им бидат доделени на највисоко рангираните кандидати од оваа категорија, сè до пополнување на бројот од 10 стипендии.

Доколку дел од кандидатите кои аплицирале за факултетите наведени во Дел II се веќе меѓу првите 40 највисоко рангирани кандидати во рамките на Дел I, тие ќе бидат соодветно издвоени како добитници на стипендиите од Дел II. Во тој случај, листата од 40 редовни стипендии ќе се надополни со следниот највисоко рангиран кандидат од општата ранг-листа, сè до целосно пополнување на бројот од 40 редовни стипендии.

На овој начин се обезбедува единствен, транспарентен и правичен процес на рангирање, со истовремено доделување на дополнителни 10 стипендии за кандидати кои се насочуваат кон студии во областите опфатени со овој Дел II.

Комисијата ја донесува конечната одлука за доделување на стипендиите.

Правото на користење на стипендијата започнува откако кандидатот ќе достави потврда за редовен студент запишан во прва година на прв циклус студии на некој од факултетите при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Сите кандидати ќе бидат известени за извршениот избор за доделување на стипендии најдоцна до крајот на октомври 2026 година по електронски пат. Списокот со избрани кандидати ќе биде објавен на официјалната веб страната и социјалните медиуми на Македонија 2025 и на останатите партнерски организации.

## <u>Услови, права и обврски за продолжување на стипендијата</u>

** За сите кандидати, без разлика дали аплицираат за стипендиите од Дел I или Дел II, важат истите услови, права и обврски за продолжување на стипендијата.*

Стипендијата ќе се продолжува годишно под следниве услови, начин и постапка:

1. Корисникот на стипендијата е должен:
   - Редовно да ги полага испитите и да доставува до Македонија 2025 **Потврда за запишан последователен зимски семестар** на почетокот на секоја академска година (заклучно со септемврискиот испитен рок) скенирана и прикачена на платформата E-scholarships;
   - да има постигнат **просечен успех од најмалку 7,00**, од првата до тековно запишаната студиска година (се докажува со доставување на Потврда за положени испити заклучно со септемврискиот испитен рок);
   - **да има положено 80% од предвидените предмети** (задолжителни, изборни и опциони) утврдени со студиската програма на факултетот (се докажува со доставување **Образец УППИ** или потврда за положени испити заклучно со септемврискиот испитен рок).

2. Корисникот на стипендијата се обврзува дека:
   - благовремено ќе ја извести Македонија 2025 за секоја промена што би настанала за време на студиите, од значење за редовно користење на стипендијата и спротивно на наведените услови;
   - по добивање на средствата, на трансакциската сметка, да достави известување на e-mail.

3. Корисникот на стипендијата е согласен:
   - да учествува на состаноците и настани за вмрежување организирани во рамките на Програмата “Атанас Близнакоф” за студентска извонредност, а се однесуваат на академскиот и личниот развој на стипендистот. (Програмата за менторство со професионалци, Врсничко менторство, Програма за обуки итн.);
   - да дава сведоштва за искуството, да одговара на прашалници и барања во врска со прибирање или ажурирање на податоците потребни за одржување и развој на платформата и програмата, или работата на Асоцијацијата на стипендисти;

4. Корисникот на стипендијата го губи правото на стипендија ако:
   - не постигне просечен успех од најмалку 7,00;
   - не запише последователен зимски семестар на студии и не достави потврда за запишан зимски семестар или потврда за положени испити навремено;
   - не положи 80% од предвидените предмети до тековната академска година;
   - ги прекине или ги напушти студиите;
   - зимскиот семестар го запишал по вторпат;
   - дипломира;
   - му мирува статусот на студент;
   - добие стипендија или кредит од другиот давател повисока од 6.000 денари;
   - неточно ги прикажал условите и документите важни за доделување и користење на стипендијата;
   - по свое барање го откаже правото на користење на стипендијата.

5. Правото на стипендија завршува заклучно со последниот редовно запишан семестар од предвиденото траење на студиската програма на факултетот (предвидениот број на семестри) на која е запишан корисникот на стипендијата.